**ДО:**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕДМЕТ: Барање за изрекување на итни мерки за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство додека трае вонредната состојба**

**Содржина на документот:**

1. **Вовед**
2. **Ризик фактори за зголемување на семејното насилство**
3. **Ризик фактор за пријавување на насилство**
4. **Предлог итни мерки за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство во услови на криза**

## 1. Вовед

Владата на Република Северна Македонија на 18 Март 2020г. прогласи вонредна состојба на територијата на државата поради состојбата со COVID-19 и спречување на ширење на коронавирусот. По прогласувањето на вонредната состојба, заклучно со 09 април 2020г. одржани се 15 седници на Владата, каде секојдневно се донесуваат нови одлуки и мерки за справување со пандемијата од COVID-19 во Р. Северна Македонија[1]. Мерките се носат од повеќе аспекти, и имаат за цел да ја ублажат здравствената, социјалната и економската криза која е секојдневие за граѓаните на РСМ, како и намалување на последиците кои ќе се појават по завршување на кризата.

Донесени се повеќе здравствени мерки[2] чија цел е спречување на ширењето на вирусот, и овие мерки вклучуваат ограничувања на движењето и групирањето на граѓаните генерални, но и по категории, исто така дадени се насоки за однесување со мерки за хигиена и дезинфекција, задолжителна изолација и самоизолација, и карантин за оние за кои е предвиден. Донесени се повеќе мерки во 2 пакета од областа на економијата[3], кои помагаат на претпријатијата, работодавците и работниците да се справат со ризиците од губење на работните места, добивката и приходите, како и одржување на самите претпријатија до крајот на состојбата. Донесени се неколку мерки и препораки од областа на социјалната заштита[4] кои најмногу се однесуваат на остварување на правата предвидена во Законот за социјална заштита, како и посебни препораки за посебни категории граѓани и олеснување на нивниот пристап до социјални права.

[1] https://koronavirus.gov.mk/merki
[2] http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/

Министерството за труд и социјална политика упати соопштение до јавноста со кое се препорачува двајцата родители да се договорат за видувањето на детето/цата со родителот со кој не живеат, но без при тоа да утврдат на кој начин треба да постапат родителите кои не се можност да се договорат, што е особено важно за жртвите на семејно насилство.

Посебни категории граѓани кои се опфатени со мерките, или може да бидат исклучок од истите се лицата на 67 години, лицата под 18 години, лицата со попреченост, лицата кои се занимаваат со земјоделство, како и вработените во аптеки, ресторани и кафеани кои вршат достава на храна, и корисници на породилно отсуство. Овие групи граѓани се издвоени согласно одредени ризици кои ги прават поранливи на коронавирусот, но и други ризици особено социјални и економски ризици.

Меѓутоа, **посебна ранлива категорија која е целосно изоставена од мерките и препораките, се жртвите на семејно насилство, односно жени и деца кои се под голем ризик на семејно насилство.** Освен известувањето на Министерството за труд и социјална политиката[5] упатено до жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство, каде што се наведуваат броеви за пријавување насилство, ниту една итна мерка не е изречена ниту предложена за оваа посебно ранлива категорија граѓанки.

На ниво на целиот свет, алармот за зголемен ризик од семејно насилство е вклучен. Меѓународните организации како Организацијата на обединетите Нации[6] и Советот на Европа[7] упатуваат на зголемено внимание кон семејното насилство во услови на криза и итни мерки за справување со истото. Дел од државите донесоа и итни и специфични мерки[8], дизајнирани за спецификите на жени жртви на семејно насилство, како и деца жртви на насилство.

**Овој документ предлага мерки чие итно донесување ќе овозможи заштита на жртвите на семејно насилство во услови на оваа криза**, но и ќе го подготви системот на заштита за постапување при случаи на семејно насилство по завршување на кризата. Документот ги посочува ризиците кои се специфични за семејното насилство и дава предлог итни мерки за справување со истото.

---

[3] https://koronavirus.gov.mk/merki/ekonomski-merki
[4] http://mtsp.gov.mk/covid-19.nspx
[5] http://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-zrtvite-na-semejno-nasilstvo-covid19.nspx
[6] https://www.euronews.com/2020/04/06/horrifying-surge-in-domestic-violence-against-women-amid-coronavirus-lockdowns-un-chief-w

## 2. Ризик фактори за зголемување на семејното насилство

- Вонредна состојба со владини мерки и препораки за ограничено движење: полициски час за работни денови 16.00 – 05.00 и целосна забрана за движење во текот на викендот на територија на целата држава (петок од 16:00 часот до 05:00 часот во понеделник). Дополнително ограничување на движењето на лицата постари од 67 години (секој работен ден од 10:00 до 12:00 часот) и деца до 18 години (секој работен ден од 13:00 до 15:00 часот). Карантин во Дебар;

- Интензивни препораки за останување дома на сите граѓани;

- Затворени се сите кафулиња, кафеани, ресторани, трговски центри, спортски обложувалници итн. освен аптеките и супермаркетите. Нема никакви културни и спортски настани, ниту било кој облик на социјализирање освен со семејството;

- Голем број граѓани се под притисок дека ќе го загубат работното место по завршување на вонредната состојба и прекинување на важењето на владините мерки;

- Децата (учениците) од сите возрасти не одат на училиште и во градинки, и сите се во домот. Не смеат да излегуваат надвор и да играат на детските игралиште, ниту да се групираат со други деца;

- Луѓето кои работат во клучните институции како здравствени установи и полициски станици, поминуваат многу часови надвор од домот со што се отежнува организирањето и поделбата на домашните обврски и грижата за децата. Стресот од можното заразување е поголем и влијае на секојдневното функционирање;
- Товарот на грижа обично паѓа врз жените - не само за децата, туку и за постарите членови на семејството. Со тоа жените се повторно во поголем ризик да се разболат, и дополнително да го жртвуваат своето време на овие обврски како и на секојдневните обврски во домаќинството, наспроти професионални и кариерни обврски;

- Една од мерките на владата се состои од одложување на издавањето на упатните акти за издржување казна затвор до 3 години, што овозможува сторителите кои се правосилно осудени да бидат на слобода до септември 2020 .

[7] https://www.coe.int/en/web/portal/-/covid-19-crisis-secretary-general-concerned-about-increased-risk-of-domestic-violence
[8] https://www.euronews.com/2020/03/28/domestic-violence-cases-jump-30-during-lockdown-in-france

**Сите овие фактори влијаат на интензивно зголемување на стресот кај граѓаните, фрустрации, страв и силна загриженост за иднината, кои се тригери за агресивно однесување, изливи на нервоза, зголемена потреба за контрола и изразување моќ, насилно решавање на конфликтите и зголемена примена на насилство. Ова директно ги става во ризик жените и децата кои се приморани да останат во домовите со сторителите на насилство, да живеат во зголемен ризик од насилство и животно загрозувачка средина.**

## 3. Дополнителни ризик фактори за пријава на насилство

- Поради физичкото присуство на насилниците, жените не се во можност да се јават на линиите за помош и поддршка, или да го пријават насилство;

- многу жени се плашат да побараат здравствена грижа и медицинска помош поради опасноста од зараза со коронавирус;
- многу жени не сакаат да ја напуштат насилната средина и да бидат сместени во кризни и шелтер центри поради страв од зараза со коронавирус;

- жените се плашат да побегнат од насилството поради високите казни за движење во полициски час;

- жените се плашат да пријават насилство и да го напуштат домот, поради стравот од губење на работното место (доколку се вработени) по прекинувањето на важност на владините мерки, или доколку се невработени се јавува стравот од малата можност за вработување и постигнување на економска независност по завршување на вонредната состојба поради очекуваната економска криза.

## 4. Предлог итни мерки за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство во услови на криза

1. Линиите за пријавување насилство (СОС линии, МВР и ЦСР, граѓански организации) и линиите за помош и поддршка да работат преку онлајн чатови и пораки, и СМС пораки. (жртвите не секогаш се во можност да се јават и да пријават, или да побараат помош и советување бидејќи сторителите се постојано во домот, во близина на жртвата поради вонредната состојба);

2. Покрај пријавување на насилство на 192, да се наложи на службите за брза помош (194) и противпожарната бригада (193) да одговараат на повици за пријави на насилство и да ја известат надлежната полициска станица да постапи во најкраток можен рок;

3. Националните и локалните телевизии, како и другите видови на медиуми редовно да ги објавуваат броевите за пријавување и помош при семејно насилство и насилство врз деца, за сите градови каде што има сервиси и Центри за социјална работа. Националните и локалните телевизии, како и другите видови на медиуми да ги објават безбедносните насоки за жртвите како да се заштитат во своите домови и како да направат стратегија за напуштање, како и насоки за здравствените работници и фармацевти како да препознаат жртви на насилство (секојдневно се емитуваат насоки за заштита од КОВИД 19, како и одлуки на Владата, и мерки кои Владата ги презема. На ист начин да се објавуваат броевите и сервисите за помош и поддршка од семејно насилство, со потсетување за зголемен ризик од насилство врз жени и деца во услови на оваа криза;

4. Насоките за пријавување насилство и барање помош и поддршка да се објават на веб-страницата https://koronavirus.gov.mk/ каде се објавуваат сите податоци, мерки, насоки и сл. поврзани со КОВИД 19 и кризната состојба. (веб-страницата дава информации на едно место кои важат за сите области од општествениот живот, и граѓаните можат да најдат информации на едно место);

5. Мерките за полициски час и останување во домот треба да прават исклучоци за сторителите на семејно насилство кои, во услови на ваква вонредна состојба, мора да се отстранат од домот и да бидат приведени, притворени или сместени на друга локација;

6. Сите кои работат на терен (здравствените работници, матичните лекари, граѓански организации, полициски службеници, Црвен крст итн.) треба ИТНО да пријават семејно насилство во надлежната полициска станица и/или центарот за социјални работи доколку увидат дека тоа се случува;

7. Фармацевтите и вработените во маркетите да располагаат со информации за пријавување насилство (броеви, маилови, сервиси) кои може да ги споделат со жртвите доколку се сами. Доколку се придружувани, дали од сторителите или некој друг (може да е некој кој е во блиска врска со сторителот, како негови брат/ сестра, родители, соседи, пријатели итн.) да се размисли опцијата за шифра со која жртвата ќе може да побара помош во аптеките. Фармацевтот може да ги запише податоците на жртвата, име, презиме, адреса и сл. и да упати полициска екипа на терен.

8. Да се подготват безбедносни насоки и планови за бегство кои на жртвите ќе им помогнат полесно да ја напуштат насилната средина и да побараат помош, или да се заштитат од идно насилство во домот доколку не можат да го напуштат сторителот. Овие насоки не треба да се промовираат јавно, бидејќи може да стигнат до сторителите, и треба да се направи стратегија како овие информации стигнат до

жртвите на кои им се најмногу потребни. (Жртвите кои ќе се јават во МВР, ЦСР и НВО за помош може да ги добијат насоките усно, но треба да се смисли како да се доставаат до оние кои нема да се јават – тука може да се користат здравствени работници, фармацевти, вработени во маркети);

9. Специјализираните сервиси за заштита на жртви на семејно насилство кои обезбедуваат сместување, да се дезинфицираат редовно како би се превенирало пренесување на вирусот;

10. Министерство за труд и социјална политика во соработка со Министерство за здравство да развие протоколи за безбедно сместување на жени жртви на насилство и нивните деца, согласно препораките за заштита од COVID 19;

11. Министерството за труд и социјална политика да објави броеви за пријава на семејно насилство кои ќе бидат функционални 24/7, посебно за секој град каде има центар за социјална работа;

12. Броевите за пријавување, помош и поддршка од семејно насилство и насилство врз деца да се објават од сите општини на локално ниво, и општините активно да учествуваат во упатување на жртвите до релевантните институции и обезбедување на поддршка за жртвите;

13. Министерство за внатрешни работи и Министерство за труд и социјална политика на неделно ниво да објавуваат статистика за бројот на пријавени случаи на семејно насилство, поделена по градови и пол на жртва;

14. Во однос на начинот на одржување на контакти на децата со родителот со кој не живеат во семејства каде има претходно пријавено семејно насилство и има изречени привремени мерки за заштита, а нема можност за заемно договарање на родителите, динамиката на видување треба да се промени со цел намалување на контактот на насилникот со жртвата и превенирање на идно насилство, а во насока на заштита на детето/цата и родителот со кој живеат. Промената треба да ја направи надлежниот центар за социјални работи по барање на родителот со кој живее /ат детето/цата по електронски пат и со телефонско известување се до завршување на вонредните мерки од COVID-19. Дополнително, во новите пријави за семејно насилство да не се дозволи гледање на насилникот со децата, повторно со цел да се намали ризикот од насилство кон жртвата;

15. Државата да алоцира средства за исплата на издршка за децата, во случаи кога истата не може да се наплати од другиот родител поради невработеност;

16. Изработка на плакати и стикери со броеви и насоки за пријавување на насилство кои би се дистрибуирале во маркети и аптеки на видно место, како и на семафори, бандери, автобуски постојки;

17. Мерки за зголемување на свеста на останатите граѓани кои имаат сознанија дека постои загрозување на нечие здравје и живот, истото да го пријават, особено укажувајќи на ограничените

можности на самите жртви да го направат истото и да сакаат;

18. Во случај да се надминат сместувачките капацитети за жртви на насилство или во градовите каде нема шелтер центри, жртвите привремено да бидат сместувани во хотели на истиот принцип на кој тоа е регулирано сместувањето на лица во државен карантин.

Скопје, 13.04.2020 година

Со почит,

Елена Димушевска

_Извршна директорка_
_Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство_

AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

KVINNA KVINNA

The Kvinna till Kvinna Foundation